СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
НА ОПШТИНА ОХРИД

| СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ОХРИД ИЗЛЕГУВА ПО ПОТРЕБА | О Х Р И Д<br>31.10. 2011 год.<br>БРОЈ 10 ГОДИНА 46 |
|---|---|

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ФОРМИРАЊЕ НА ОПШТИНСКИ СОВЕТ ЗА ПРЕВЕНЦИЈА НА МАЛОЛЕТНИЧКО ПРЕСТАПНИШТВО НА ОПШТИНА ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за формирање на Општински Совет за превенција на малолетничко престапништво на општина Охрид , што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.10.2011 год.

**Број 08 -3394/3**
**28.10.2011 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Александар Петрески,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр. 05/02) , член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл. гласник на општина Охрид“ бр. 8/07), а во врска со член 147 став 1 од Законот за малолетничка правда ( „Сл.весник на Република Македонија“ бр. 87/07 од 12.07.2007 година), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.10.2011 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ФОРМИРАЊЕ НА ОПШТИНСКИ СОВЕТ ЗА ПРЕВЕНЦИЈА НА МАЛОЛЕТНИЧКО ПРЕТСТАПНИШТВО НА ОПШТИНА ОХРИД**

**Член 1**

Со оваа Одлука се формира Општински совет за превенција на малолетничко претстапништво на општина Охрид.

**Член 2**

Општинскиот совет за превенција на малолетничко претстапништво брои 21 член.

**Член 3**

За членови на општинскиот совет се именуваат претставници од подрачните единици и тоа:

● **ГОРДАНА АТАНАСОВА** - Центар за социјална работа

●**ГОРАН ВЕЉАНОСКИ** **-** Совет на родители од ОУ „Кочо Рацин“

●**АНЕТА ЈОВАНОСКА-** Совет на родители ОМУ „Методи Патчев“

●**ИРЕНА БАЧИЌ – С**овет на родители ОУ„ Григор Прличев“

●**СНЕЖАНА НЕЧОСКА - С**овет на родители ОУ „Свети Наум Охридски“

●**ВЛАДИМИР АЛЕКСИЕСКИ - С**овет на родители ОУ „Христо Узунов“

● **ЈОНЕ ЛИОТОСКИ -** Совет на родители ОУ „Живко Чинго“

●**ГОЦЕ ЃОРГИОСКИ -** Совет на родители ОУ „Ванчо Николески“

● **ТРАЈЧЕ ЧАВКОСКИ - С**овет на родители ОУ „Свети Климент Охридски“

●**ФИЛИЗ МУФТИ АРИФ -** Совет на родители ОУ „Братство единство“

●**НАТАША МИТИЌ** – Совет на родители ОСУ „Свети Климент Охридски“

●**ДАНИЕЛА ТОМАНОВСКА-** Совет на родители ОЕМУЦ „Свети Наум Охридски“

●**ЉУПЧО ПОПОСКИ** – Совет на родители ОУТУ „ Ванчо Питошески“

●**МИЛЕ ЈАКОВЧЕСКИ -** СВР-Охрид

●**ЉУБЕН НЕЛОСКИ** – Адвокатска комора

●**СТОЈАНЧЕ АРНАУДОВСКИ-** Јавно обвинителство

● **ХАВА РЕЏЕП** - Министерство за труд и социјална политика

●**ВЕСНА КИЧЕЕЦ** – Основен суд Охрид

●**БИЛЈАНА НИКОЛОСКА** –ТВМ

●**ДАНИЕЛ НАУМОСКИ** -Црвен крст

● **ДИМЧЕ КАНЕВЧЕ** -Младински совет

**Член 4**

Членовите се именуваат за време од пет години, со право на повторен избор.

**Член 5**

Општинскиот совет:

- донесува годишна програма за својата работа што ја усвојува Советот на општината,
- деловник за својата работа,
- врши работи за следење на состојбите,
- покренува иницијатива за нивно подобрување и
- развива програми за вклучување на локалната заедница во превенција на малолетничкото престапништво и третманот на малолетните сторители на кривични дела и прекршоци.

**Член 6**

За својата работа општинскиот совет најмалку еднаш годишно го известува Советот на општината, и Државниот совет за превенција на малолетничкото престапништво.

**Член 7**

Програмата на општинскиот совет за превенција од малолетничко престапништво се финансира врз основа на финансискиот план од буџетот на општината, и од други средства.

**Член 8**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 07-3394/3**
**28.10.2011 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Душко Јаковчески,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ЗАДОЛЖУВАЊЕ НА ЈП „ГРАДСКИ ГРОБИШТА“ ОХРИД СО ДОЛГОРОЧЕН КРЕДИТ**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за давање согласност на Одлуката за задолжување на ЈП „Градски Гробишта“ Охрид со долгорочен кредит, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.10.2011 год.

**Број 08 -3394 /4**
**28.10.2011 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Александар Петрески,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 6 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.10.2011 година, ја донесе следната

## О Д Л У К А
### ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ЗАДОЛЖУВАЊЕ НА ЈП „ ГРАДСКИ ГРОБИШТА“ ОХРИД СО ДОЛГОРОЧЕН КРЕДИТ

**Член 1**

**СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ** на Одлуката за задолжување на ЈП „Градски гробишта“ Охрид со долгорочен кредит, донесена од Управниот одбор на ЈП „ Градски гробишта“ Охрид,бр.02-411/15 од 21.09.2011 .

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 07- 3394/4**
**28.10.2011 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Душко Јаковчески,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Заклучокот, што го донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.10.2011 год.

**Број 08 -3394 /5**
**28.10.2011 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Александар Петрески,с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.10.2011 година, ја донесе следната

**З А К Л У Ч О К**

Се усвојува **ИНФОРМАЦИЈАТА** за сечење на дрворедите на ул.„Димитар Влахов“.

Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 07- 3394/5**
**28.10.2011 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Душко Јаковчески,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ОПШТИНСКИ НАГРАДИ И ПРИЗНАНИЈА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за доделување на општински награди и признанија , што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.10.2011 год.

**Број 08 -3394/6**
**28.10.2011 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Александар Петрески,с.р.**

Врз основа на член 62 од Законот за локалната самоуправа ( “Сл.весник на РМ“ бр. 5/02), член 18 од Статутот на Општина Охрид (“Сл.гласник на Општина Охрид “ број 8/07), Советот на општина Охрид, на седницата одржана на ден 28.10.2011 година, донесе:

# О Д Л У К А
## ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ОПШТИНСКИ НАГРАДИ И ПРИЗНАНИЈА

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со оваа Одлука се уредува условите,бројот, содржината, начинот и постапката за доделување на награди и признанија на општина Охрид ( во натамошниот текст „ Награди и Признанија“).

**Член 2**

Во општина Охрид се доделуваат општински награди и признанија за врвни достигнувања во сите области од општествениот живот од особено значење за општината, што претставуваат посебен придонес за развој на општината и за нејзиниот севкупен напредок и афирмација во Република Македонија и светот.

**Член 3**

Во општина Охрид се доделуваат следните награди и признанија:

- **Награда** Патрон на градот „Св.Климент Охридски“( во натамошниот текст награда),

- **Повелба** Патрон на градот „Св.Климент Охридски“ (во натамошниот текст повелба) и

-**Признание** „Почесен граѓанин на Охрид“ (во натамошниот текст признание ).

**Член 4**

Општинските награди и признанија се доделуваат на поединци, група творци, екипи, установи,трговски друштва и здруженија на граѓани.

Наградите и признанијата, под услови определени со оваа одлука можат да се доделат и на странски државјани, група творци, екипи и институции од странство.

**Член 5**

Општината Охрид во текот на една година доделува една награда – „Патрон на градот Св.Климент Охридски“ и најмногу до ПЕТ повелби.

По укажана потреба и во исклучителни случаи општината доделува и признание „ Почесен граѓанин на Охрид“.

**Член 6**

Со наградата „ Патрон на градот Св.Климент Охридски“ се оддава највисоко признание за животно дело, односно долгогодишни остварувања и достигнувања во сите области од општествениот живот.

**Член 7**

Со повелбата „Патрон на градот Св.Климент Охридски“ се оддава признание за остварувања и достигнувања во сите области од општествениот живот во изминат период од една година до завршување на конкурсот .

**Член 8**

Признанието „Почесен граѓанин на Охрид“ се доделува за исклучителни заслуги за афирмација на Охрид во Европа и светот .

**Член 9**

Наградата и признанието се доделуваат на еден добитник само еднаш и неможат да се делат меѓу повеќе добитници.

Повелбата може да се додели повторно на ист добитник , но не пред истекот на 10 години од добивањето на претходната повелба.

**Член 10**

Наградата и повелбата се доделуваат секоја година во чест на празникот „Св. Климент Охридски“ Патронот на Охрид, а се врачуваат на свечена академија по повод празникот.

II. СОДРЖИНА НА НАГРАДАТА, ПОВЕЛБАТА И ПРИЗНАНИЕТО

**Член 11**

Наградата се состои од плакета и статуетка со ликот на “Св. Климент Охридски“

Повелбата се состои од плакета и икона со ликот на “Св. Климент Охридски“

Признанието се состои од плакета и клуч од градот.

**Член 12**

Плакетата за доделување на Наградата содржи назив на наградата, година кога се доделува, име и презиме, односно назив на добитникот.

Плакетата за доделување на повелбата содржи назив, година кога се доделува, име и презиме, односно назив на добитникот и наслов на трудот, делото, односно остварувањето за кое се доделува повелбата.

Плакетата за доделување на признанието содржи назив на признанието и име и презиме на добитникот и за што се доделува.

**Член 13**

Плакетите се во форма на правоаголник со димензии 210 x 297 мм. и имаат втиснат грб на Охрид .

Плакетите ги потпишува градоначалникот на Општина Охрид и се заверуваат со печат на Општината.

**Член 14**

Плакетата за домашни физички и правни лица се испишува на македонски јазик и неговото кирилско писмо.

Плакетата на лица од други држави и на меѓународни организации и асоцијации или нивни претставници се испишува на македонски јазик и неговото кирилско писмо и на јазикот и писмото од каде потекнуваат или е седиштето на добитниците.

**Член 15**

Статуетката со ликот на “Св. Климент Охридски“ е со висина од 420 мм. и е изработена од дрво.

Иконата со ликот на “Св. Климент Охридски“ е со димензии 210x297 мм. и е изработена од дрво.

Клучот од градот е со должина од 200 мм. и е изработен од метал.

III. ОРГАНИ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА НАГРАДАТА, ПОВЕЛБАТА И ПРИЗНАНИЕТО

**Член 16**

Наградата ја доделува Градоначалникот .

Повелбата ја доделува Комисијата за одбележување празници и манифестации, доделување награди и признанија .

Признанието го доделува Советот на општината, на предлог на градоначалникот.

**Член 17**

Комисијата и Градоначалникот ги вршат следниве работи:

- распишуваат конкурс за доделување на Награда и Повелба,
- донесуваат одлука за бројот на повелбите;
- донесуваат одлука (решение) за доделување на Наградата и Повелбата;
- вршат и други работи во врска со доделувањето на Наградата, Повелбата и Признанието.

За следење и увид во остварувањата и за давање предлози за доделување на наградата Градоначалникот формира стручна комисија .

IV. ПОСТАПКА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ

**Член 18**

Наградата и повелбата се доделуваат по пат на конкурс.

Конкурсот се објавува во средствата за јавно информирање најдоцна до 5-ти ноември во тековната година.

Конкурсот за доделување на Наградата и Повелбата трае 15 дена сметано од денот на објавувањето.

Пријавите доставени по истекот на рокот предвиден во конкурсот, не се разгледуваат.

**Член 19**

Иницијатива за доделување на општински награди и признанија можат да поднесат установи , трговски друштва, здруженија на граѓани и граѓани.

**Член 20**

Подносителите со пријавата треба да достават кратка биографија и да образложат за какви остварувања конкурираат.

**Член 21**

Одлуките, (решението) за доделување награда и повелби официјално се објавуваат најдоцна до 7 декември во тековната година.

**Член 22**

Одлуките (решенијата) за доделување на наградата, повелбите и признанието се објавуваат во средствата за јавно информирање и во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Член 23**

Наградата и признанието на добитниците им ги врачува Градоначалникот на општина Охрид, а во случај на негова отсутност или спреченост од него овластен претставник.

Повелбата на добитниците им ја врачува Претседателот на Советот, а во случај на негова отсутност или спреченост од него овластен претставник.

V. РАБОТА НА КОМИСИЈАТА

**Член 24**

Комисијата работи на седници.

Работата на комисијата е јавна.

Комисијата може да одлучи одделни прашања да ги претресува и без присуство на јавноста.

**Член 25**

Комисијата може да работи доколку на седницата присуствуваат мнозинство од вкупниот број на членови.

Комисијата одлучува со мнозинство гласови од вкупниот број на членови, со (тајно, јавно ) гласање.

Одлуките за доделување на Повелбата ги потпишува претседателот на Комисијата.

**Член 26**

Седниците ги свикува и дневниот ред го предлага претседателот на Комисијата.

Претседателот на Комисијата е должен да свика седница и по барање на двајца од членовите на Комисијата или претседателот на Советот на Општината.

Предлагачот, кој бара да се свика седница на Комисијата предлага и дневен ред за седницата.

**Член 27**

Со седниците раководи претседателот на Комисијата.

Во случај на отсутност или спреченост, претседателот го заменува еден од членовите на Комисијата што се избира на самата седница.

VI. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 28**

За правилна примена на одредбите од Одлуката се грижат органите од член 16 на оваа одлука и општинската администрација.

**Член 29**

Стручните и административните работи на органите за доделување на наградите и признанијата ги врши општинската администрација.

**Член 30**

Со влегувањето во сила на оваа Одлука престанува да важи Одлуката за востанување и доделување на општински награди и признанија бр.07-2239/5 од 26.10.2006 год и Одлуката за измени и дополнување на Одлуката за востанување и доделување на општински награди и признанија бр.07-2447/19 од 24.10.2008 год.

**Член 31**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Охрид“.

**Број 07-3394/6** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**28.10.2011 год.** **Претседател,**
**Охрид** **Душко Јаковчески,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПОДИГАЊЕ СПОМЕН ОБЕЛЕЖЈЕ НА ЦАР САМОИЛ**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за подигање спомен обележје на Цар Самоил , што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.10.2011 год.

**Број 08 -3394 /7** **ОПШТИНА ОХРИД**
**28.10.2011 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Александар Петрески,с.р.**

Врз основа на член 5, 8 и 18 од Законот за меморијални споменици и спомен обележја ( Сл.весник на рм. бр.66/04),член 62 од Законот за локалната самоуправа (“Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид, Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.10.2011 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ПОДИГАЊЕ СПОМЕН ОБЕЛЕЖЈЕ НА ЦАР САМОИЛ**

**Член 1**

Се покренува иницијатива за подигање на спомен обележје на Цар Самоил.

**Член 2**

За спроведување на иницијативата за подигање споменик на Цар Самоил, како и за реализација на истиот, ќе биде одговорен Одбор за подигање на спомен обележјето.

Одборот за подигање на спомен обележјето ќе го именува Советот на општина Охрид.

**Член 3**

Потребните средства за реализација на иницијативата ќе бидат обезбедени по пат на спонзорства, а средствата за чување на спомен обележјето ќе бидат обезбедени од Буџетот на општината.

**Член 4**

Одборот за подигање на спомен обележјето ќе му предложи на Градоначалникот на општина Охрид да распише конкурс за изработка на идејно решение и постапка за спроведување на истиот.

**Член 5**

Спомен обележјето на Цар Самоил ќе биде поставено на Кп.бр.14548/1 КО Охрид.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-3394/7**
**28.10.2011 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Душко Јаковчески,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПОДИГАЊЕ СПОМЕН ОБЕЛЕЖЈЕ НА БОЖИЦАТА ИЗИДА

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за подигање спомен обележје на Божицата Изида , што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.10.2011 год.

**Број 08 -3394 /8** **ОПШТИНА ОХРИД**
**28.10.2011 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Александар Петрески,с.р.**

Врз основа на член 5, 8 и 18 од Законот за меморијални споменици и спомен обележја ( Сл.весник на рм. бр.66/04),член 62 од Законот за локалната самоуправа (“Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид, Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.10.2011 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ПОДИГАЊЕ СПОМЕН ОБЕЛЕЖЈЕ НА БОЖИЦАТА ИЗИДА**

**Член 1**

Се покренува иницијатива за подигање на спомен обележје на Божицата Изида.

**Член 2**

За спроведување на иницијативата за подигање споменик на Божицата Изида, како и за реализација на истиот, ќе биде одговорен Одбор за подигање на спомен обележјето.

Одборот за подигање на спомен обележјето ќе го именува Советот на општина Охрид.

**Член 3**

Потребните средства за реализација на иницијативата ќе бидат обезбедени по пат на спонзорства, а средствата за чување на спомен обележјето ќе бидат обезбедени од Буџетот на општината.

**Член 4**

Одборот за подигање на спомен обележјето ќе му предложи на Градоначалникот на општина Охрид да распише конкурс за изработка на идејно решение и постапка за спроведување на истиот.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-3394/8** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**28.10.2011 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Душко Јаковчески,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА АКЦИОНИОТ ПЛАН „ЗАЕДНО ПРОТИВ ДИСКРИМИНАЦИЈА“**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за усвојување на акциониот план „Заедно против дискриминација“ , што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.10.2011 год.

**Број 08 -3394 /9** **ОПШТИНА ОХРИД**
**28.10.2011 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Александар Петрески,с.р.**

Врз основа на член 62 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр. 5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл. гласник на општина Охрид“ бр. 8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.10.2011 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА АКЦИОНЕН ПЛАН „ЗАЕДНО ПРОТИВ ДИСКРИМИНАЦИЈА“**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Акциониот план „Заедно против дискриминација“.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид„.

**Број 07-3394/9** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**28.10.2011 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Душко Јаковчески,с.р.**

# АКЦИОНЕН ПЛАН - *ЗАЕДНО ПРОТИВ ДИСКРИМИНАЦИЈА*
## ОПШТИНА ОХРИД

**Цел 1 : ЈАВНА СВЕСТ**

Недоволна и несоодветна информираност на граѓаните за Законот за спречување и заштита од дискриминација.

**Цел 2 : ОБРАЗОВАНИЕ**

Недоволна информираност на стручните служби , просветните работници и учениците за

имплементација на законот за спречување и заштита од дислриминација

**Цел 3 : КУЛТУРА, СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА**

Иновативен , креативен и општо прифатлив начин на пренесување на пораката и информацијата

| ЦЕЛИ | ЗАДАЧИ | АКЦИИ | ОДГОВОР НА ИНСТИТУ ЦИЈА | СОРАБОТНИЦИ | ВРЕМЕ ЗА РЕАЛИЗА ЦИЈА | ИЗВОРИ НА ФИНАНСИР АЊЕ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **ЈАВНА СВЕСТ** | Организирање и реализирање на кампања за подигање на јавната свест во областа на препознавање и заштита од дискриминација | Контактни ТВ емисии<br>Локални медиуми електронски весници<br>Подготовка и дистрибуција на промотивен материјал<br>Јавни трибини | Општина Охрид | Британски совет<br><br>Еднаков пристап<br><br>Црвен крст - Охрид | Ноември - декември 2011 | Британски совет |
| **ОБРАЗОВА** | Едукативни работилници со | Спроведување на едукатнивните работилници | Општина Охрид | Црвен крст – Охрид | Ноември - | Општина Охрид |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **НИЕ** | професори стручна служба<br><br>И ученици | трибини<br>Во 8 основни училишта | | Сите основни училишта во Општина Охрид | Декември 2011 | Црвен крст Охрид |
| **КУЛТУРА, СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈ А** | Преку спорт и музика промовирање на законот за заштита и спречување од дискриминација | Спортски натпревари и една централна манифестација , хепенинг на плоштад | Општина Охрид | Црвен крст – Охрид<br><br>Сите основни училишта во Општина Охрид Спортски клубови и локални музички звезди | Ноември - Декември 2011 | Општина Охрид |

**Предлог документ за акција**

| | |
|---|---|
| **Наслов на акцијата:** | **Заедно против дискриминацијата** |
| **Имплементатор/и:** | **Црвен крст –Охрид** |
| **Општина:** | **Охрид** |
| **Целна група:** | **Професори , стручни служби и ученици од 8 Основни училишта** |
| **Партнерство со други организации/институции:** | **Училишта, медиуми, институции , НВО** |
| **Времетраење:** | **(2 месеци заедно со известувањето)**<br>ноември - декември 2011 година |
| | |
| | |
| | |
| | |

**1. Резиме :** *краток опис кој ја опишува потребата за акциј и начинот на спроведување. Максимум една страна.*

Од предходно одржаните работилници добивме впечаток дека граѓаните не се запознати воопшто со постоењето на Законот за спречување и заштита од дискриминација и со самите мерки кои што можат да ги превземат доколку бидат дискриминирани по било кој основ на дискриминација, како и недовнолно препознавање на дискриминацијата.
Потребата од едукација за препознавање на дискриминацијата сметаме дека треба да почне од порана возраст, затоа како целна група би ги опфатиле учениците во основните училишта,професорите и стручната служба во истите.

Преку работилници директно со стручните служби од училиштата и по еден претставник на Советите на Родители во училиштата, медиумите и институциите кои се директно засегнати со оваа проблематика во работилницата ќе бидат вклучени 25 лица .

Исто така сметаме дека добар начин да се пренесе една порака на младата популација е со организирање на една централна манифестација од забавен и спортски карактер.

**2. Цел на акцијата:**

Запознавање на популацијата со постоењето на Законот за спречување и заштита од дискриминација и со самото тоа подигање на јавната свест на луѓето.

**3. Резултати:** *Кои се очекуваните резултати од акцијата? Овој дел треба исто така да опише како ќе бидат мерени ефектите од акцијата. Максимум една страна.*

После спроведување на предвидените активности професорите,стручните служби, родителите и учениците ќе знаат да ја препознаат дискриминација , да спроведуваат активности во своите матични установи , да знаат точно каде и на кој нацин треба да се обратат до институциите на власта во случај на дискриминација , претставниците од медиумите че се директно влкучени во целиот процес на реализација на акцијата и постојано ќе ја информираат јавноста за предвидените и реализираните активности со тоа и пошироката популација ке има пристап до информацијата за постоењето на Законот,препознавање на дискриминацијата,како и начините за делување до надлежните органи во случај на дискриминација.

Бидејќи активностите ќе бидат јавни и транспаренти преку медиумите но и со јавни презентации на фрекфентни места и пошироката јавност ќе биде информирана, а со самото тоа пораката ќе биде пренесена до сите граѓани на оптштина Охрид и околината.

После секоја работилница и активност ќе се спроведуваат евалуациони прашалници за: условите , темата , начинот на презентирање и предлози за идни активности , со тоа ќе имаме јасна слика и процентуални бројки со кои ќе биде мерлива успешноста на спроведените активности .

**4.Активности:** *Апликантот треба да ги опише активностите. Максимум една страна.*

- Соработка со младинци кои преку моделот на форум театар и мини театарски претстави (едночинки),ќе пренесат примери за дискриминација на младата популција на еден поприфатлив и креативен начин.

- Едукативна работилница со претставници на стручните служби и родителте од училиштата и медиумите за што помасовно запознавање на младата популација со проблематиката на дискриминација.

- Организирање на централна манифестација од забавно-спортски карактер (културно-уметничка програма,спортски натпревари со велосипеди) како еден поинвентивен начин на презентирање на една порака што е и по прифатлив за општата популација.

**5. Медиумска покриеност на акцијата:** *Опис како и кои медиуми ќе бидат информирани за акцијата. Максимум една страна.*

Сите активности ќе бидат медиумски покриени од постоечките медиуми во општина Охрид(електронски медиуми,радио и телевизија) пред се знаејќи ја моќта на медиумите за истовремено пренесување на една порака до широката популација.

Некои од нив ќе бидат директно вклучени на работилницата која ќе се организира заедно со стручните служби и родителите од училиштата се со цел поголем пристап на информациите до граѓаните. Планирано е учество во контактни емисии во локалните телевизии.

**6. <u>БУЏЕТ</u>**

| **Трошоци за Активностите** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Буџетска Линија** | | **Единица** | **Бр. на Единици** | **Единечна цена** | **Вкупна Цена во МКД** |
| **1.** | **Освежување за работилница** | **лица** | **25 лица** | **200** | **5000** |
| **2.** | **печатење на пропаганден материјали** | **парче** | **1000** | **20** | **20000** |
| **3.** | **Набавка и печатење на маички** | **парче** | **20** | **250** | **5000** |
| **4.** | **Набавка и печатење на чадорчиња** | **парче** | **20** | **400** | **8000** |
| **5.** | **Ангажирање на едуцирани младинци за форум театар** | **лица** | **10** | **500** | **5000** |
| | | | | | |
| **ВКУПЕН ИЗНОС** | | | | | **43000** |

**Средствата предвидени во буџетот ќе бидат покриени од страна на Британски Совет.**

**7. План за спроведување**

(Опис што ќе биде направено, каде, од кого, кога).

Ќе се организира работилница од страна на сертифицираните обучувачи со 25 лица претставници од стручната служба и Советот на Родители на училиштата и медиумите на која ќе се запознаат со законот за заштита и превентива од дискриминација и идниот акционен план на активностите кои се предвидени , конкретно ќе добијат насоки за работилниците кои ќе се реализираат во училиштата со учениците како и за централниот настан кој ќе се организира во центарот на градот плоштадот . Ќе се искористи припремата од веќе постоечкиот пропаганден материјал за печатење . Ќе се набават маички и чадорчиња на кои ќе бидат испечатени амблемот за недискриминација како би биле препознатливи на работилниците и јавните настапи на младинците кои ќе ги реализираат работилниците со учениците.

| | **Активнст** | Каде | Кој | Кога (по недели) |
|---|---|---|---|---|
| 1 | **Форум театар** | Сите основни училишта | Волонтери на Црвен Крст – Охрид,обучувач | Во текот на месец Ноември- |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | и за дискриминација општина Охрид | Декември. |
| 2 | **Организирање на работилници со стучна служба во училиштата и медиуми** | Ќе бидат користени простории на Црвен крст и општина Охрид | Општина Охрид и Црвен крст-Охрид | Во текот на месец Ноември-Декември |
| 3 | **Организирање на централна манифестација** | Плоштад Охрид | Општина Охрид и Црвен крст-Охрид и др.НВО организации | Крај на месец Ноември и почеток на месец Декември. |

**Број 07-3394/9-1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**28.10.2011 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Душко Јаковчески,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА ЗГРИЖУВАЊЕ И ВОСПИТНО ОБРАЗОВНА РАБОТА НА ЈАВНАТА ОПШТИНСКА УСТАНОВА ЗА ДЕЦА- ДЕТСКА ГРАДИНКА „ЈАСНА РИСТЕСКА“ ЗА УЧЕБНАТА 2011-2012 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за усвојување на годишната програма за згрижување и воспитно образовна работа на јавната општинска установа за деца-детска градинка „Јасна Ристеска“ за учебната 2011-2012 година , што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.10.2011 год.

**Број 08 -3394 /10** **ОПШТИНА ОХРИД**
**28.10.2011 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Александар Петрески,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр. 5/02) , член 18 став 1 точка 6 од Статутот на општина Охрид (“Сл. гласник на општина Охрид“ бр.8/07, Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.10.2011 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА ЗГРИЖУВАЊЕ И ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНА РАБОТА НА ЈАВНАТА ОПШТИНСКА УСТАНОВА ЗА ДЕЦА –ДЕТСКА ГРАДИНКА „ЈАСНА РИСТЕСКА“ ОХРИД ЗА УЧЕБНАТА 2011/2012 ГОД**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Годишната програма за згрижување и воспитно-образовна работа на јавната општинска установа за деца – детска градинка „Јасна Ристеска“ Охрид за учебната 2011/2012 год.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 07-3394/10** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**28.10.2011 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Душко Јаковчески,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ ВО УПРАВНИОТ ОДБОР НА РАБОТНИЧКИОТ УНИВЕРЗИТЕТ „КУЗМАН ШАПКАРЕВ“ ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за именување членови во управниот одбор на работничкиот универзитет „Кузман Шапкарев“ Охрид , што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.10.2011 год.

**Број 08 -3394 /11**
**28.10.2011 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Александар Петрески,с.р.**

Врз основа на член 6 од Законот за отворени граѓански универзитети за доживотно учење ( „Сл.весник на РМ“ бр. 36/11), член 62 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.10.2011 година, ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ ВО УПРАВНИОТ ОДБОР НА РАБОТНИЧКИОТ УНИВЕРЗИТЕТ „КУЗМАН ШАПКАРЕВ“ ОХРИД**

**Член 1**

За членови во Управниот одбор на Работничкиот универзитет „Кузман Шапкарев“ Охрид, се именуваат следните членови:

- **СТОЈАН ТУЏАРОСКИ**
- **НАУМ ШИКОСКИ**

**Член 2**

Членовите на Управниот одбор се именуваат со мандат од 5 години со можност само уште еднаш повторно да бидат именувани.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 07-3394/11** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**28.10.2011 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Душко Јаковчески,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид" бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ БУЏЕТСКИ КАЛЕНДАР ЗА НАЧИНОТ И ПОСТАПКАТА ЗА ИЗГОТВУВАЊЕ И ДОНЕСУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2012 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за донесување буџетски календар за начинот и постапката за изготвување и донесување на буџетот на општина Охрид за 2012 година , што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.10.2011 год.

**Број 08 -3394 /12** **ОПШТИНА ОХРИД**
**28.10.2011 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Александар Петрески,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1, точка 2 од Законот за локална самоуправа ( „Сл.весник на РМ " бр. 5/2002), член 27 став 4 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на РМ " бр. 61/2004 и 96/2004) и член 18 од Статутот на Општина Охрид ( „Сл. гласник на општина Охрид" бр. 8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.10.2011 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА БУЏЕТСКИ КАЛЕНДАР ЗА НАЧИНОТ И ПОСТАПКАТА ЗА ИЗГОТВУВАЊЕ И ДОНЕСУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2012 ГОДИНА**

**Член 1**

Со оваа Одлука се донесува буџетскиот календар за начинот и постапката за изготвување и донесување на буџетот на општина Охрид за 2012 година.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 07-3394/12**
**28.10.2011 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Душко Јаковчески,с.р.**

Врз основа на член 27 став 4 и 5, од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 61/04 и 96/04) и член 18 од Статутот на општина Охрид (Службен гласник на Општина Охрид бр. 8/07), Советот на општината Охрид на седницата одржана на 28.10. 2011 год. донесе:

## *БУЏЕТСКИ КАЛЕНДАР*

| **Можен датум** | **Буџетски активности и Одговорност** |
|---|---|
| ______10.2011 година | Советот на Општината го донесува буџетскиот календар. |
| Обврска на МФ | Министерот за финансии доставува до владата на РМ фискална стратегија на РМ за наредните три години. |
| Обврска на МФ | Министерот за финансии доставува буџетски циркулар со насоки за изготвување на предлог буџет за наредната година |
| 04.11.2011 година | Градоначалникот подготвува општински буџетски циркулар со образложение за потребните средства до општинските буџетски корисници. |
| 11.11.2011 година | Општинските буџетски корисници ги доставуваат предлог пресмеките за наредната година со образложение за висината на износите по позиции. |
| 17.11.2011 година | Одделот за буџет врши преговарање, анализирање на доставените предлог пресметки и ги одредува приоритетите и одредбите за новиот предлог буџет |
| 25.11.2011 година | Советот на Општината разгледува развојни документи, вклучително и фискална стратегија. |

| | |
|---|---|
| 30.11.2011 година | Разгледување на нови барања и предлози по кои одлучува и дава насоки градоначалникот. |
| 05.12.2011 година | Градоначалникот го разгледува и одобрува предлог буџетот подготвен од страна на финансискиот оддел на општината. |
| 09.12.2011година | 1. Предлог буџетот се доставува до советот на општината.<br>2. Се објавува содржината на предлог буџетот и се дава достапност на јавноста.<br>3. Се одржуваат јавни расправи. |
| 16.12.2011 година | Доставување на примедби и забелешки од страна на граѓани, корисници, фондации, здруженија и други заинтересирани субјекти. |
| 21.12.2011 година | До советот се доставува конечен предлог буџет од страна на градоначалникот. |
| 21-28.12.2011 година | Се води расправа во телата на советот на општината. |
| 29.12.2011 година | Седница на советот на општината за донесување на буџетот за наредната буџетска година. |
| 1 Јануари | Започнува новата буџетска година. |

**Број 07-3394/12-1**
**28.10.2011 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Душко Јаковчески,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 30.09.2011 ГОДИНА

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за усвојување на Извештајот за остварување на буџетот за периодот од 01.01. до 30.09.2011 година , што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.10.2011 год.

**Број 08 -3394 /13** **ОПШТИНА ОХРИД**
**28.10.2011 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Александар Петрески,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр. 5/02) и член 18 став 1 точка 7 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.10.2011 година донесе:

## О Д Л У К А
### ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 30.09.2011 ГОД.

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за остварување на буџетот за периодот од 01.01. до 30.09.2011 год.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во “Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-3394/13** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**28.10.2011 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Душко Јаковчески,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ЕЛС ОХРИД ЗА 2011 ГОДИНА

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за изменување и дополнување на буџетот на ЕЛС Охрид за 2011 година , што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.10.2011 год.

**Број 08 -3394 /14** **ОПШТИНА ОХРИД**
**28.10.2011 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Александар Петрески,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа ( „Службен весник на РМ бр. 5/2002) и член 28 став 1 од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа ( „Службен весник на РМ“ бр. 61/2004, 96/2004 и 67/2007), Советот на Општина Охрид на 40 седница одржана на 28.10.2011 година, донесе:

**ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2011 ГОДИНА**

1.Општ дел

**Член 1**

Во буџетот на Општината Охрид за 2011 година се вршат следниве измени:

| | **БУЏЕТ** | **РЕБАЛАНС** |
|---|---|---|
| **I. ВКУПНИ ПРИХОДИ** | **726,673,000** | **684,300,000** |
| Даночни приходи | 550,693,457 | 464,761,298 |
| Неданочни приходи | 48,600,000 | 50,375,000 |
| Капитални приходи | 11,300,000 | 50,900,000 |
| Приходи од дотации | 61,623,000 | 61,623,000 |
| Трансфери | 54,456,543 | 53,056,543 |
| Приходи од донации | 0 | 3,584,159 |
| **II. ВКУПНИ РАСХОДИ** | **1,040,753,000** | **684,300,000** |
| Од утврдени намени | 1,040,553,000 | 682,800,000 |
| Резерви | 200,000 | 1,500,000 |
| **III. ДЕФИЦИТ** | **314,080,000** | **0** |
| Прилив | 360,000,000 | 0 |
| Домашен прилив | 360,000,000 | 0 |
| Прилив од странски заем | 0 | 0 |
| Одлив | 45,920,000 | 0 |
| Отплата на главница | 45,920,000 | 0 |

**Член 2**

Приходите на Буџетот по видови на рпиходи се утврдени во билансот на приходи, а расходите по основни намени се утврдени во билансот на расходи во колоната ребаланс и тоа како што следува:

**З А В Р Ш Н И  О Д Р Е Д Б И**

**Член 3**

Измените и дополнувањата на Буџетот на општина Охрид за 2011 година, влегуваат во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-3394/14** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**28.10.2011год.** **Претседател,**
**Охрид** **Душко Јаковчески**

# С О Д Р Ж И Н А


| Реден број | Име на одлука | Страна |
|---|---|---|
| 1. | Одлука за формирање на општински Совет за превенција на малолетничко претстапништво на општина Охрид | 2 |
| 2. | Одлука за давање согласност на Одлуката за задолжување на ЈП „Градски гробишта“ Охрид со долгорочен кредит | 5 |
| 3. | Заклучок | 6 |
| 4. | Одлука за доделување на општински награди и признанија | 7 |
| 5. | Одлука за подигање спомен обележје на Цар Самиол | 12 |
| 6. | Одлука за подигање спомен обележје на Божицата Изида | 14 |
| 7. | Одлука за усвојување на акциониот план „Заедно против дискириминација“ | 15 |
| 8. | Акционен план „Заедно против дискриминација“ | 16 |
| 9. | Одлука за усвојување на годишната програма за згрижување и воспитно образовна работа на јавната општинска установа за деца-детска градинка „Јасна Ристеска“ за учебната 2011-2012 година | 22 |
| 10. | Одлука за изменува членови во Управниот одбор на работничкиот универзитет „Кузман Шапкарев“ Охрид | 23 |
| 11. | Одлука за донесување буџетски календар за начинот и постапката за изготвување и донесување на буџетот на општина Охрид за 2012 година | 24 |
| 12. | Буџетски календар | 25 |
| 13. | Одлука за усвојување на извештајот за остварување на буџетот за периодот од 01.01. до 30.09.2011 година | 27 |
| 14. | Одлука за изменување и дополнување на буџетот на ЕЛС Охрид за 2011 година | 28 |